Australian Government
Department of Industry, Science and Resources
Attorney-General's Department

# Програма за грантови за обезбедување на места засновани на вера

## Информативен лист

24 јули 2023 година

### За Програмата за грантови за обезбедување на места засновани на вера

Програмата за грантови за обезбедување на места засновани на вера (Securing Faith-Based Places Grant Program) обезбедува 40 милиони долари во текот на четири години за подобрување на безбедноста во верските училишта, предучилишните установи, местата за богослужба и центрите во заедницата засновани на вера.

Програмата ќе ги поддржи организации што ги исполнуваат условите, да ја подобрат безбедносната инфраструктура и/или да ангажираат работници за обезбедување заради справување со ризикот од криминал и насилство мотивирани од верска и расна нетолеранција.

Оваа програма е финансирана според членот 298 од *Законот за приходи од криминал од 2002 година (Proceeds of Crime Act 2002).* Ова овозможува приходите од криминал да бидат инвестирани во активности кои ја подобруваат безбедноста на австралиската заедница.

### Кој ги исполнува условите да аплицира?

За да ги исполнувате условите, вие мора:

- Да бидете поврзани со **религија што ги исполнува условите**
- да имате Австралиски деловен број (Australian Business Number - ABN)
- да бидете **правно лице**што ги исполнува условите, имено:
    - правно лице регистрирано во Австралија
    - регистрирано здружение, или
    - регистрирана непрофитна организација, и
- да ги исполнувате сите услови за склучување договор за грант

За целите на оваа можност за грант, **религија што ги исполнува условите** е секоја религиозна група наведена во *Австралиската стандардна класификација на религиозни групи на* Австралиското биро за статистика (Australian Bureau of Statistics' *Australian Standard Classification of Religious Groups*), групи од еден до шест во Табела 1.3.

### Кога да се аплицира

Апликации за финансирање се примаат од **31 јули 2023 година** и може да се поднесат до 17 часот по австралиско источно стандардно време (AEST) на **11 септември 2023 година.** Порталот за апликации ќе остане отворен 6 недели за да им овозможи на организациите да бараат упатства и да поднесуваат поднесоци за квалитет.

### За што може да го употребите грантот?

Грантот можете да го употребите за поставување или унапредување на безбедносната инфраструктура или за ангажирање на работници за обезбедување на вашата локација. Ова вклучува, но не е ограничено на:

- системи на камери за обезбедување
- контролирање на пристап
- огради и порти
- безбедносно осветлување
- безбедносни прозори
- алармни системи, и
- ангажирање на лиценцирани работници за обезбедување.

За повеќе податоци за активности што ги исполнуваат условите, ве молиме погледнете ги Упатствата за можности за грантови.

### Како да аплицирате

Пред да аплицирате, ви препорачуваме да ги прочитате и разберете Упатствата за можности за грантови за места засновани на вера и примерот на договор за грант објавен на business.gov.au и GrantConnect на help.grants.gov.au. Ќе треба да отворите сметка за да имате пристап на интернет порталот што ќе ви овозможи да аплицирате и да управувате со грант или услуга во сигурна онлајн средина.

За да аплицирате, вие мора:

- Да пополните и поднесете онлајн формулар за апликација преку порталот (достапен на portal.business.gov.au) до **17 часот AEST на 11 септември 2023 година.**
- Да ги задоволите сите критериуми за оценување на погодноста и заслугите.

Ве молиме имајте предвид дека задоцнети апликации и барања за продолжување нема да се разгледуваат.

### Ви требаат повеќе информации?

За повеќе информации посетете ја веб-страницата business.gov.au или јавете се на
13 28 46.